# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.**

**Среда, 10 јануари 2001 Скопје**
**Број 1 Год. LVII**

**Аконтацијата за 2001 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 50 денари. Жиро сметка 40100-603-12498**


**1.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговија ("Службен весник на РМ" бр. 23/95, 30/95, 43/95 и 43/99) и член 35 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.01.2001 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

1. Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати, така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
| - МБ - 86 | до 15,614 |
| - МБ - 98 | до 17,122 |
| - БМБ - 95 | до 17,304 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
| - Д - 1 | до 17,659 |
| - Д - 2 | до 17,086 |
| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 17,402 |
| **г) Мазут** | до 11,598 **ден/кг.** |

2. Претпријатијата и другите правни лица, како и вршителите на дејност со личен труд што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија), ги формираат цените за одделни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
| - МБ - 86 | до 48,00 |
| - МБ - 98 | до 52,00 |
| - БМБ - 95 | до 49,00 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
| - Д - 1 | до 38,00 |
| - Д - 2 | до 37,00 |
| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 27,00 |
| **г) Масло за горење (мазут)** | до 12,514 **ден/кг.** |

Цените од став 1 на оваа точка, потточките "а", "б" и "в" важат франко пумпна станица, а цената на потточката "г" важи франко производител во земјата.

3. Во малопродажните цени утврдени со точка 2 од оваа одлука, содржани се акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот.

4. Во цените од точка 2 освен во потточката "г" на оваа одлука, содржани се и трошоците за превоз од 0,400 ден/литар, а трошоците на прометот изнесуваат:

| | |
|---|---|
| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
| - МБ - 86 | до 1,800 |
| - МБ - 98 | до 1,800 |
| - БМБ - 95 | до 1,800 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
| - Д - 1 | до 1,800 |
| - Д - 2 | до 1,800 |
| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 1,800 |
| **г) Масло за горење (мазут)** | до 0,220 **ден/кг.** |

5. Од износот на платените акцизи од точка 3 на оваа одлука, Заводот за платен промет ќе врши уплата во износ од 9,18% на сметка на Фондот за пензиско-инвалидско осигурување.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 11.01.2001 година.

Бр. 23-47/1
10 јануари 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**2.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97 и 82/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОМУ "МЕТОДИ ПАТЧЕ" - ОХРИД

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на Основното музичко училиште "Методи Патче"-Охрид, поради истек на времето за кое се именувани се разрешуваат:
- Вера Буловска,
- Ѓорѓи Тодоровски.

2. За членови на Училишниот одбор на Основното музичко училиште "Методи Патче"-Охрид се именуваат:
- Паско Кузман, в. д. директор на Заводот за заштита на спомениците на културата и Народен музеј-Охрид,
- Ѓорѓи Тодоровски, директор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Охрид.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-57/46
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ "МАКЕДОНСКА ПОШТА"-СКОПЈЕ**

1. Фадил Ника се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај "Македонска пошта"-Скопје, поради заминување на друга должност.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај "Македонска пошта"-Скопје се именува Гарип Каба, приватен стопанственик.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-562/6
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**4.**

Врз основа на член 30 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ЈНУ - ИНСТИТУТ ЗА ЈУЖНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ КУЛТУРИ - СТРУМИЦА**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Јавната научна установа-Институт за јужни земјоделски култури-Струмица бр. 02-584/1 од 23 октомври 2000 година, со која за директор на Институтот е избран д-р Саша Митрев, научен соработник и досегашен вршител на должноста директор на оваа установа.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5394/4
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**5.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА МИА**

1. Жарко Јорданоски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска информативна агенција-МИА-Скопје.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска информативна агенција-МИА-Скопје се именува Лидија Неделковска, дипл. новинар.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5693/3
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**6.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈП ЗА НАБАВКА, ТРАНСПОРТ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС "ГА-МА" - СКОПЈЕ**

1. Зоран Савиќ, се разрешува од должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие за набавка, транспорт и дистрибуција на природен гас "ГА-МА"-Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5844/2
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**7.**

Врз основа на член 54 и 55 од Законот за заштита од елементарни непогоди ("Службен весник на СРМ" бр. 39/77, 6/81, 47/89 и 27/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНКА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ**

1. Горан Анастасовски се разрешува од должноста претседател на Републичката комисија за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, поради заминување на друга должност.

2. За претседател на Републичката комисија за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди се именува Горан Трајковски, советник на министерот за финансии.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5847/2
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**8.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**

1. Се разрешува д-р Добринка Тасковска од должноста помошник на министерот за образование, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5887/2
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**9.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ**

1. Се разрешува Суза Ангелеска од должноста советник на министерот за сообраќај и врски, поради заминување на друга должност.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6007/2
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**10.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ**

1. Се разрешува Хари Симеонов од должноста советник на министерот за сообраќај и врски.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6007/3
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**11.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ**

1. Се разрешува Злата Дукоска од должноста советник на министерот за сообраќај и врски.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6007/4
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**12.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ**

1. Се разрешува Лидија Ивановска од должноста советник на министерот за сообраќај и врски.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6007/5
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**13.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО**

1. Се разрешува Скендер Красниќи од должноста советник на министерот за урбанизам и градежништво, поради заминување на друга должност.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6007/6
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**14.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО**

1. Се разрешува Љубомир Поповски од должноста помошник на министерот за урбанизам и градежништво, поради заминување на друга должност.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6007/7
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**15.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ГЛАВЕН ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. Се разрешува Драган Ристески од должноста главен државен инспектор на Државниот комунален инспекторат.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6007/8
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**16.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

1. За помошник на министерот за транспорт и врски се назначува Љубомир Поповски досегашен помошник на министерот за урбанизам и градежништво.

2. Именуваниот оваа должност ќе ја врши до стекнување на статус на државен службеник според Законот за државните службеници.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6007/9
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**17.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

1. За советник на министерот за транспорт и врски се назначува Суза Ангелеска, досегашен советник на министерот за сообраќај и врски.

2. Именуваната оваа должност ќе ја врши до стекнување на статус на државен службеник според Законот за државните службеници.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6007/10
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**18.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

1. За советник на министерот за транспорт и врски се назначува Скендер Красниќи, досегашен советник на министерот за урбанизам и градежништво.

2. Именуваниот оваа должност ќе ја врши до стекнување на статус на државен службеник според Законот за државните службеници.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6007/11
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**19.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЕКОНОМИЈА**

1. За советник на министерот за економија се назначува Илир Шабани, досегашен самостоен соработник во Секторот за управување со побарувања во Агенцијата на Република Македонија за санација на банка.

2. Именуваниот оваа должност ќе ја врши до стекнување на статус на државен службеник според Законот за државните службеници.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6008/2
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**20.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА ЗА НАМЕНСКО ПРОИЗВОДСТВО**

1. Се разрешува Трпче Ѓурчевски од должноста директор на Републичката управа за наменско производство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6009/2
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**21.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТУРИЗАМ**

1. Се разрешува Климент Билко од должноста директор на Дирекцијата за туризам.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6010/2
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**22.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА ЗАШТИТА НА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ**

1. Се разрешува м-р Христо Арсов од должноста директор на Заводот за заштита на индустриската сопственост.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6011/2
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**23.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА**

1. Се разрешува Зоран Балевски од должноста потсекретар во Министерството за економија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6012/2
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**24.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА**

1. За потсекретар во Министерството за економија, сметано од 29.12.2000 година, се назначува м-р Виолета Маџова, досегашен помошник на директорот на Агенцијата на Република Македонија за санација на банка.

2. Именуваната оваа должност ќе ја врши до стекнување на статус на државен службеник според Законот за државните службеници.

3. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6013/2
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**25.**

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ**

1. За заменик на директорот на Агенцијата за државни службеници се именува Исмаиљ Дарљишта, досегашен самостоен референт во општина Центар - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6164/1
21 декември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**26.**

Врз основа на член 358 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр. 14/98), министерот за здравство во согласност со министерот за внатрешни работи, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ВО ПОГЛЕД НА КАДАРОТ И МАТЕРИЈАЛНАТА ОПРЕМА ШТО МОРА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ЗДРАВСТВЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ИЛИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, ЗА ВРШЕЊЕ АНАЛИЗИ НА КРВ И УРИНА И ПОСТАПКАТА ЗА ЗЕМАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КРВ И УРИНА ЗА АНАЛИЗА**

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат критериумите во поглед на кадарот и материјалната опрема што мора да ги исполнува здравствената организација или Министерството за внатрешни работи за вршење анализи на крв и урина заради утврдување на содржина на етил алкохол, опојни droги или лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време

на возење во организмот на возачот и на друг учесник во сообраќајот, како и постапката за земање и транспортирање на крв и урина за анализа.

Член 2

Анализа на крв и урина заради утврдување на содржина на етил алкохол, опојни droги или лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возење во организмот на возачот и на друг учесник во сообраќајот се вршат по барање на физички лица, овластени институции и овластено службено лице, заради утврдување на присуство, како и утврдување на квантитативното ниво на наведените супстанци во примероци на крв и урина.

Задолжително е вршење на пробен тест за да се издвојат позитивните мостри, а овие потоа мора да бидат следени со потврден тест.

Пробен тест на материјалот се врши со следните техники:

- испитување на имунитетот со флуоресцентна поларизација (FPIA);
- ензим техника на испитување на имунитетот (EIA);
- радиотехника на испитување на имунитетот (RIA);
- техника на инхибиција со латекс аглутинација (LAI).

Позитивниот резултат од испитувањето на имунитетот (психотропна супстанција) треба да биде подложен на потврден тест користејќи метод базиран на различни хемиски и физички принципи како што се: тенкослојна хроматографија (TLC), гасна хроматографија (GC), гасна хроматографија - парцијална спектрометрија - масена (GC/MS) и течна хроматографија со висока перфоманса.

Позитивниот резултат на етил алкохол во биолошки материјал после пробниот тест треба да биде потврден со други сензитивни методи.

Член 3

Анализа на крв и урина заради утврдување на содржината на етил алкохол, опојни дроги или лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возење во организмот на возачот и на друг учесник во сообраќајот може да врши здравствена организација или Министерството за внатрешни работи врз основа на овластување на министерот за здравство, ако има:

- за утврдување на етил алкохол - најмалку еден специјалист по токсиколошка хемија или медицинска биохемија; или дипломиран хемичар или дипломиран биохемичар како и друг лабораториски кадар;
- за испитување на опојни дроги или лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возење - најмалку еден специјалист по токсиколошка хемија како и друг лабораториски кадар;
- покрај основната лабораториска опрема (епрувети - пластични, стаклени; мензури, пипети, центрифуги, аналитички ваги, мешалки, Ph метар, фрижидер, фрижидер-замрзнувач и др.), и анализер во зависност која од иницијалните техники се применува (ФПИА, ЕМИТ, РИА), автоматски пипети, апарат за дестилација/дејонизација на вода, ултрасонично купатило, евапоратор, магнетни мешалки, гасен хроматограф, гасен хроматограф со "head space" систем, гасно-масен хроматограф.

Садовите кои доаѓаат во контакт со реагенсите и примероците треба да бидат за еднократна употреба, освен ако не е нагласено да бидат стаклени во интерес на валидноста на резултатот.

Анализите се вршат во простор што има дневна светлост, климатизација и заштитен од испарливи и корозивни материи.

Член 4

Пред земањето на крв и урина, во здравствената организација, здравствениот работник со завршен медицински факултет, во присуство на овластено службено лице врши преглед на упатеното лице и резултатите од прегледот ги внесува во записник на образец број 1 кој е составен дел на овој правилник.

Примерок од крв и урина за анализа може да земе и здравствен работник со средно медицинско образование под надзор на здравствен работник со завршен медицински факултет.

Здравствениот работник во записникот го внесува времето и датата на земањето на крв и урина и точноста на внесените податоци ги потврдува со свој потпис, штембил и печат на здравствената организација.

Член 5

Земањето на крв се врши со венепункција со стерилен пластичен шприц за еднократна употреба или со користење на соодветен "vaccutainer" - стерилна стаклена епрувета под вакум, а како антикоагуланс се користи 3,8% раствор на тринатриум цитрат.

Член 6

Стерилните инструменти за земање на крв и урина не треба да дојдат во допир со алкохол, етер, јодна тинктура, ацетон и др.

Бришењето на кожата на местото каде се врши убодот со игла за земање на крв се врши со 0,1% раствор на сублимат или 1% раствор на асепсол.

Член 7

За вршење анализа на примероци од крв се зема крв во количина од 3-5 мл за испитување на етил алкохол.

За одредување на опојни дроги или лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возење во организмот на возачот и на друг учесник во сообраќајот се зема крв во две епрувети/вакутанери со по минимум 5 мл крв.

Крвта со додаден цитратен антикоагуланс се доставува на анализа во најкраток можен рок, но не повеќе од 48 часа од земањето на примерокот.

Член 8

Примероците од урина се земаат во количина од 30 мл во пластични садови изработени од хемиски инертна пластика или садови изработени од боросиликатно стакло, хемиски чисти и херметички затворени.

Примероците од урина за анализа на опојни дроги или лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возење во организмот на возачот и на друг учесник во сообраќајот, се зема во дупли боци од по 30 мл во количина на урина утврдена во став 1 на овој член.

Земањето на примерокот од урина за анализа се врши под надзор на здравствен работник во присуство на овластено службено лице.

Уринирањето испитаникот треба да го врши со претходно измиени раце во тоалет во кој нема проточна вода.

Член 9

Ако постои сомнение дека испитаникот извршил замена на примерокот со туѓ или дека го разредил со вода или друга течност, овластеното службено лице може да инсистира уринирањето да се повтори во негово присуство.

Ако испитаникот нема нагон да уринира, здравствениот работник или овластеното службено лице потребно е да му дадат на испитаникот да испие вода во количество од една до четири чаши (200-800 мл), во период од 15 до 20 минути.

Примерокот урина се доставува во лабораторијата за вршење на анализа во најкраток временски рок, но не повеќе од 48 часа.

Доколку примерокот урина не се анализира веднаш, неопходно е да се чува во ладилник на температура од +4 до +8$^0$C, но не подолго од 7 дена.

Член 10

Садовите со примероците на крв и урина се затвораат херметички со оригинален затворач и се запечатуваат со восок на кој е втиснат жиг на здравствената

организација која го зема и испраќа материјалот за анализа.

Садовите од став 1 на овој член се одбележуваат со етикета со шифра на идентитетот на испитаникот и се пакуваат во соодветна опаковка за понатамошен транспорт.

Записникот со примероците од крв и урина здравствената организација ги врачува на овластеното лице од Министерството за внатрешни работи кој истите ги доставува за анализа во овластената здравствена организација или Министерството за внатрешни работи со барање според образецот бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 11

Мострите на крв и урина за анализа на присуство на опојни дроги или лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возење во организмот на возачот и на друг учесник во сообраќајот се транспортираат во портабл фрижидер и се чуваат на ниска температура, заштитени од директна светлост. До моментот на отпочнување на анализите, мострите се чуваат замрзнати во заклучен фрижидер.

Член 12

Ретестирање на примерокот може да се врши за потврдување на иницијалниот тест, односно за присуство на одредена опојна дрога или лек на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возење, а не и за нејзина квантитативна вредност.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите во поглед на кадарот и материјалната опрема што мора да ги исполнува здравствената организација или органот на управата надлежен за внатрешни работи, за вршење анализа на крв или анализа на крв и урина заради утврдување на содржината на алкохол во организмот на возачот и на друг учесник во сообраќајот, како и за постапката за земање и транспортирање на крвта и урината за анализа ("Службен весник на СРМ" бр. 10/86).

Член 14

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-14232/1
19 декември 2000 година
Скопје

Министер за внатрешни работи,
**Доста Димовска,** с.р.

Министер за здравство,
доц. д-р **Драган Даниловски,** с.р.

Образец бр. 1
Формат 25 х 18

1. Презиме и име________________________________
2. Пол: машко - женско
3. Висина __________см.
4. Тежина __________кг.
5. Боја на лицето: бледо, нормално, црвено.
6. Кога последен пат јадело и што (вид и количина)_____________.
7. Што пиело: (вид, количина и време)____________.
8. Дали повраќало: да - не.
9. Дали боледува од: шеќерна болест, да - не
душевна болест, да - не
падавица, да - не
10. Дали претрпело повреди на главата: да - не.
11. Дали земало лекови во последните 12 часа (вид, количина и време)____________________________.
12. Дали земало опојна дрога (вид, количина и време) ______________________________________.
13. Свест при прегледот: сочувана, пореметена.
14. Дали постојат знаци на: еуфорија, депресија, поспаност, агресивност, возбуденост.
15. Дали се сеќава на случајот: да - не.
16. Дали постои здив (реа) на алкохол: да - малку - многу.
17. Дали постои излачување на студена пот: да - не.
18. Говор: разбирлив - неразбирлив (променет).
19. Одење по права линија (сигурно - несигурно).
20. Проба: прст - прст: сигурно - несигурно.
21. Проба: прст - нос: сигурно - несигурно.
22. Подигање на ситни предмети: сигурно - несигурно.
23. Модифициран Ромберг_______________________.
24. Нистагмус - отсутен, одвај забележлив, среден, груб во времетраење од ________ секунди.
25. Пулс ___________.
26. Крвен притисок ____________.
27. Температура _______________.
28. Други наоди или состојби (повреди, особено повреди на глава, губиток на крв, примање на трансфузија, инфузија, наркоза и др.) _________________________
_______________________________________________.

По извршениот лекарски преглед земена е крв или крв и урина под условите пропишани со Правилникот за критериумите во поглед на кадарот и материјалната опрема кои мора да ги исполнува здравствената организација или Министерството за внатрешни работи, за вршење анализи на крв и урина и постапката за земање и транспортирање на крв и урина за анализа.

Земањето на крв и урина е извршено на ден ________ _____________ година, во _________ часот и _______ минути.

М.П.

Потпис на лекарот,

________________________

Место за штембил

Образец бр. 2
Формат 20,5 х 14,5

До ________________________________________
(назив на здравствената организација или органот на управата надлежен за внатрешни работи)

Во прилог Ви се доставува крв-урина земени од лицето ________________________, или под шифра ______________ на ден ________________ година, во _____________ часот и _______ минути.

Молиме да се изврши анализа и утврди концентрацијата на:

- етил алкохол,
- опојни дроги или лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возење, во доставените примероци од крв-урина.

Резултатот од анализата да се достави до ___________ _______________________________________________.

М.П.

Потпис,

____________________

**27.**

Врз основа на член 106, 107 и 108 став 1 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00), Комисијата за хартии од вредност на 20.12.2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

1. Се издава одобрение за основање и работа на брокерската куќа "Поштел-Брокер" АД, со седиште во Скопје, ул. "Орце Николов" б.б.

2. Брокерската куќа "Поштел-Брокер" АД Скопје ќе ги врши следниве работи:

- примање и извршување на налози од инвеститорите што се однесуваат на купување и продажба на долгорочни хартии од вредност, во име и за сметка на клиентот и

- советување на клиентите при издавање и тргување со долгорочни хартии од вредност (инвестиционо советување).

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-658/1 Комисија за хартии од вредност
20 декември 2000 година Претседател,
Скопје **Никола Груевски**, с.р.

**28.**

Врз основа на член 110 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00), Комисијата за хартии од вредност на 20.12.2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност за именување на Ѓорѓи Палевски, дипломиран економист за директор на брокерската куќа "Поштел-Брокер" АД, со седиште во Скопје, ул. "Орце Николов" б.б.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-746/1 Комисија за хартии од вредност
20 декември 2000 година Претседател,
Скопје **Никола Груевски**, с.р.

**29.**

Врз основа на член 110 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00), Комисијата за хартии од вредност на својата седница одржана на 21.12.2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност за именување на Влатко Панајотовиќ, дипломиран економист за извршен директор на брокерската куќа "Саксес Брокерс" АД, со седиште во Скопје, ул. "Маршал Тито" бр. 19.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-747/1-1 Комисија за хартии од вредност
22 декември 2000 година Претседател,
Скопје **Никола Груевски**, с.р.

**30.**

Врз основа на член 110 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00), Комисијата за хартии од вредност на 21.12.2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност за именување на Наталија Рајчин, дипломиран економист за извршен директор на брокерската куќа "Саксес Брокерс" АД, со седиште во Скопје, ул. "Маршал Тито" бр. 19.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-747/1-2 Комисија за хартии од вредност
22 декември 2000 година Претседател,
Скопје **Никола Груевски**, с.р.

**31.**

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за девизно работење ("Сл. весник на Република Македонија" бр.30/93, 40/96 и 54/2000) и член 63 став 1 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 29/96 - пречистен текст и бр. 37/98) Советот на Народна банка на Република Македонија на 09.01.2001 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИДОТ НА ДЕВИЗИТЕ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА КУПУВАЊЕ И ПРОДАВАЊЕ НА ДЕВИЗНИОТ ПАЗАР**

Член 1

Во Одлуката за видот на девизите кои се предмет на купување и продавање на девизниот пазар ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 40/93, 26/96 и 61/98) во точка 1 се додава потточка 20 која гласи:

20) Грчка драхма (GRD)

Член 2

Оваа одлука влегува во сила 8 дена по денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2001 година.

О.бр. 02-15/170-2001 Претседател
9 јануари 2001 година на Советот на Народна Банка
Скопје на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески**, с.р.

**АКТИ НА ФОНДОВИТЕ И ЗАВОДИТЕ**

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**1.**

Врз основа на член 32, 34 и 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 25/2000 и 34/2000), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25.12.2000 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВИСИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ЦЕНИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на учеството на осигурените лица со лични средства при користењето на здравствените услуги и лековите.

Член 2

Висината на учеството на осигурените лица со лични средства при користењето на здравствените услуги и лековите се утврдува на:

| | Денари |
|---|---|
| 1. Лекарски преглед или посета кај избраниот лекар | Ослободени по член 34 од ЗЗО |
| 2. Итна медицинска помош по повик | Ослободени по член 34 од ЗЗО |
| 3. Лекови на рецепт - за 1 рецепт: | |
| - за вредност на лекот до 200,00 денари; | 30,00 |
| - за вредност на лекот над 200,00 до 500,00 денари; | 40,00 |
| - за вредност на лекот над 500,00 до 1.000,00 денари; | 100,00 |
| - за вредност на лекот над 1.000,00 до 3.000,00 денари; | 200,00 |
| - за вредност на лекот над 3.000,00 до 5.000,00 денари; | 500,00 |
| - за вредност на лекот над 5.000,00 денари. | 800,00 |
| Ако цената на лекот е помала од учеството, се плаќа цената на лекот. | |

| | |
|---|---|
| 4. Ампуларни лекови за 1 налог (еден лек) | 70,00 |
| 5. Преглед на магнетна резонанса по упат (од шифра 5360 - 5366 од Ценовникот за здрав.услуги на РМ) | 2.000,00 |
| 6. Домашно лекување по посета | 100,00 |
| 7. Здравствени услуги во геронтолошки заводи по болнички ден | 10,00 |
| 8. За вградени имплантантни пејсмекери и други материјали што трајно се вградуваат во организмот | 10% од утврдената цена |
| 9. Рехабилитација како продолжено болничко лекување во специјализирана установа - по болнички ден | 200,00 |
| 10. Вадење на заб | 70,00 |
| 11. Пломбирање на заб | 120,00 |
| 12. Ендодонска терапија | 200,00 |
| 13. Хормон за раст | 10% од утврдената цена |
| 14. Превоз со санитетско возило според медицинска индикација, освен за итна медицинска помош:<br>- на подрачјето на здравствената установа;<br>- надвор од подрачјето на здравствената установа до 50 км. во еден правец;<br>- надвор од подрачјето на здравствената установа над 50 км. во еден правец;<br>- надвор од Република Македонија. | <br>50,00<br>200,00<br>500,00<br>20% од цената на потрошено гориво |
| 15. Превоз со санитетско возило по барање на граѓанин | Полна цена |

Член 3

Осигуреното лице учествува во вкупната цена на здравствените услуги во специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита, согласно цената утврдена со Ценовникот на здравствените услуги и тоа:

| Цена на здравствени услуги | Партиципација |
|---|---|
| до 100,00 | 20,00 |
| 101,00 - 300,00 | 40,00 |
| 301,00 - 500,00 | 60,00 |
| 501,00 - 700,00 | 100,00 |
| 701,00 - 1000,00 | 140,00 |
| 1001,00 - 2000,00 | 200,00 |
| 2001,00 - 3000,00 | 400,00 |
| 3001,00 - 4000,00 | 600,00 |
| 4001,00 - 6000,00 | 800,00 |
| 6001,00 - 8000,00 | 1.100,00 |
| 8001,00 - 10.000,00 | 1.500,00 |
| 10.001,00 - 15.000,00 | 2.000,00 |
| 15.001,00 - 20.000,00 | 3.000,00 |
| 20.001,00 - 30.000,00 | 4.000,00 |
| 30.001,00 - 35.000,00 | 6.000,00 |
| над 35.000,00 | До 70% од просечната остварена месечна нето плата во Републиката во претходната година |

Член 4

Средствата за учеството за осигурените лица во цената на здравствените услуги и лековите од членовите 2 и 3 од оваа одлука, во врска со шеќерна болест, дијализа, болести од зависност, сместување и чување во специјални болници на душевно болни и параплегичари и други заболувања утврдени со посебни програми се обезбедуваат со тие програми.

Член 5

Осигурените лица чиј месечен приход во семејството е помал од просечната нето плата остварена во Републиката во претходната година, децата до 18 годишна возраст и лицата постари од 65 години освен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство, ако во текот на календарската година платиле учество во износ повисок од 65% од просечната нето плата остварена во Републиката во претходната година, се ослободуваат од плаќање на учество при натамошното користење на здравствени услуги.

Ослободувањето од став 1 на овој член и член 34 став 1 алинеја 4 од Законот за здравственото осигурување се врши со решение на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, врз основа на вкупниот приход во семејството и вкупниот износ на платеното учество за користени здравствени услуги.

Член 6

За наплатеното учество здравствената установа на осигуреното лице му издава потврда.

Потврдата од став 1 на овој член содржи: број на потврдата, презиме и име на осигуреното лице, матичен број, број на здравствена легитимација, број на лекарскиот дневник, вид на услуга, износ на наплатено учество, дата, потпис на овластеното лице и печат на здравствената установа.

Член 7

Контрола на спроведувањето на оваа одлука обезбедуваат директорот на здравствената установа и Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 01/5-2
25 декември 2000 година
Скопје

Фонд за здравствено осигурување на Македонија
Управен одбор,
Претседател,
**Делче Ицков,** с.р.

# *Огласен дел*

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 11230/99, на регистарска влошка бр. 02031234?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на претпријатие во Друштво за производство, трговија и деловни услуги ДИМЕКС Драган ДООЕЛ увоз-извоз, ул. "Благој Ѓорев" бр. 104 А/57, Велес.

Дејности: 01.11/1, 01.11/2, 01.11/3, 01.11/4, 01.12/1, 01.12/2, 01.13/1, 01.13/2, 01.21, 01.22, 01.23, 01.24, 14.11, 14.12, 15.11, 15.12, 15.13, 15.32, 15.33, 15.41, 15.43, 15.51, 15.52, 15.61, 15.71, 15.81/1, 15.81/2, 15.86, 15.98/1, 15.98/2, 17.40/1, 18.10, 18.21, 20.10/1, 20.10/2, 20.30, 20.40, 26.21, 26.30, 26.61, 26.62, 26.70, 27.42, 28.11, 28.12, 28.51, 28.52, 45.21/1, 45.21/2, 45.22, 45.43, 45.45, 50.10, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40, 50.40/1, 50.40/2, 50.40/3, 50.40/4, 50.50, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.64, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.61, 52.62, 52.63, 52.74, 55.11, 55.12, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.40, 65.12/3, 70.11, 70.20, 70.31, 71.10, 74.12, 74.13, 74.14, 74.40, 74.82, 74.83, 74.84, 92.34, 92.62, 93.01, 93.02, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување во областа на промет и услуги, реекспорт, малограничен промет со сите соседни земји, меѓународен транспорт со стоки и патници, меѓународна шпедиција, консигнациона продажба.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 11230/99. (28754)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 12300/99, на регистарска влошка бр. 02033839?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на претпријатие во Друштво за трговија и услуги ФЕРОЈУГ Киро и др. ДОО увоз-извоз Велес, ул. "Ленинова" бр. 23.

Дејности: 17.24, 17.30, 17.40/1, 18.23, 27.51, 27.52, 27.53, 27.54, 28.11, 28.12, 28.21, 28.22, 28.30, 28.40, 28.52, 28.61, 28.62, 28.63, 28.71, 28.72, 28.73, 28.74, 28.75, 29.24, 29.71, 29.72, 31.50, 31.61, 31.62, 32.10, 32.10/1, 34.30, 35.41, 35.42, 35.50, 36.11, 36.12, 36.13, 36.14, 36.22, 36.63, 37.10, 37.20, 50.10, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40, 50.40/1, 50.40/2, 50.40/3, 50.40/4, 50.50, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.63, 52.72/1, 52.72/2, 52.74, 55.30/1, 55.30/2, 60.24, 63.21, 71.10, 71.21, 72.30, 72.40, 72.50, 72.60, 74.12, 85.32/1, 60.21, 60.23, 63.30, 63.40, 74.84, 80.42, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување во областа на промет и услуги, реекспорт, малограничен промет со сите соседни земји, меѓународен транспорт со стоки и патници, меѓународна шпедиција, туристички услуги, консигнациона продажба.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 12300/99. (28755)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 9893/99, на регистарска влошка бр. 02027047?-8-09-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на Друштвото за интелектуални услуги и трговија БЕВЕРЛИ 1 Лидија ДООЕЛ, ул. "Борис Кидрич" бр. 16, Крива Паланка.

Дејности: 22.22, 22.23, 92.34, 80.42, 92.62, 74.12, 72.30, 72.60, 71.33, 71.34, 71.40, 74.82, 74.84, 74.83, 70.31, 63.12, 74.40, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.19, 51.18, 70.20, 63.40, 65.12/3, 05.02, 60.21, 60.23, 71.10, 71.21, 02.01, 02.02, 52.24, 52.21, 52.22, 52.23, 52.25, 52.11, 52.27, 52.63, 52.41, 52.42, 52.44/3, 52.43, 52.45, 52.46, 52.44/2, 52.48, 52.44/1, 52.44/4, 52.47, 52.26, 52.33, 52.50, 52.12, 50.30/2, 50.40/2, 50.50, 51.21, 51.38, 51.31, 51.34, 51.23, 51.32, 51.33, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.24, 51.43, 51.54, 51.64, 51.65, 51.53, 51.56, 51.25, 51.35, 51.22, 50.30/1, 50.10, 50.40/1, 51.66, 51.51, 51.47, 51.70, 51.45, 51.61, 51.62, 51.63, 51.52, 51.42/2, 51.57, 55.30/1, 55.30/2, 63.30.

Надворешнотрговски промет: надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, застапување, посредништво и реекспорт, комисиона продажба, консигнациона продажба, агенциски услуги, малограничен промет со соседните земји, меѓународен транспорт на стоки и патници, меѓународна шпедиција.

Друштвото во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските преземени во правниот промет одговара со целиот имот.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешниот трговски промет е Лидија Алексовска, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 9893/99. (28756)

---

